# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 73 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" број 7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОКУМЕНТОТ ЗА ПОТЕКЛОТО НА РИБАТА И НАЧИНОТ НА НЕГОВОТО ИЗДАВАЊЕ И ПОПОЛНУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на документот за потеклото на рибата и начинот на неговото издавање и пополнување.

## Член 2

Документот за потеклото на рибата се издава на образец во А5 формат на лајмована индигирана хартија во бела боја.

Документот за потеклото на рибата содржи:
- Натпис "Пропратен лист за потекло (прва продажба) на рибата",
- реден број и датум на издавање на пропратниот лист,
- назив на правното лице, односно име и презиме на физичко лице - испорачател,
- седиште на правното лице, односно адреса на физичкото лице - испорачател,
- риболовна вода на која се наоѓа објектот за производство на риба или риболовниот пункт,
- ЕДБ на испорачател,
- име и презиме на физичкото, односно назив на правното лице - купувач,
- адреса на физичко лице, односно седиште на правното лице - купувач,
- име и презиме на лицето кое врши транспорт,
- регистерска ознака на превозното средство,
- крајна дестинација на рибата,
- дата и место на утовар,
- податоци за видот на рибата, вкупната тежина, квалитетот, единечна цена по килограм и вкупна цена за пратката,
- место за потпис на испорачател, потпис на лице кое врши транспорт и потпис на купувач и
- место за печат.

## Член 3

Документот за потеклото на рибата се издава во три копии, од кои едната ја задржува испорачателот, втората лицето кое врши транспорт, а третата копија купувачот на рибата.

Документот за потекло на риба се пополнува за секоја пратка поединечно.

Испорачателот на рибата го пополнува документот за потекло на рибата пред почетокот на транспортот.

Трите примерока од документот за потеклото на рибата ги потпишуваат испорачателот и лицето кое врши транспорт.

Двата примерока ја придружуваат пратката и се потпишуваат од страна на купувачот по испораката, односно приемот на рибата.

Формата и содржината на документот за потеклото на рибата е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-7948/1
9 август 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.


Прилог

Документ за потеклото на рибата